ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И
ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ
ЈАСЕН

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН"
Бр. 03-999/1
15.05.17 година
СКОПЈЕ

Влада на Република Македонија

Бр.

Скопје,

ЈПУЗПП ЈАСЕН
11 Октомври 23 а
1000 Скопје
Тел. (02)3115-016
(02)3239-019
info@jasen.com.mk
www.jasen.com.mk

Врз основа на чл. 33 од Статутот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје, в.д. директорот на Јавното претпријатие го објавува следниот :

# ЈАВЕН ПОВИК бр. 3/2017

## За продажба на ловни пакети

Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје, ги известува сите правни и физички лица дека врши продажба на ловни пакети согласно Годишниот План за спроведување на ловностопанската основа за ловиштата:

По добиеното позитивно мислење на годишниот план за управување со државните ловишта "ЈАСЕН", "ЈАСЕН1" и "ФАЗАНЕРИЈА" од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2017 година, ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје го објавува јавниот повик за продажба на ловни пакети на својата веб страница. Јавниот повик е со траење до исполнување на предвидените квоти за отстрел за ловната 2017 година и тоа:

1. Програма за лов во ловиштето "ЈАСЕН" по видови животни и одобрената квота:
   - Дива свиња (101),
   - Обичен елен (32),
   - Срна (38) и
   - Дива коза (64)

2. Програма за лов во ловиштето "ЈАСЕН 1" по видови животни и одобрената квота:
   - Срна (24),
   - Дива свиња (114)

3. Програма за лов во ловиштето "ФАЗАНЕРИЈА" во Катланово:
   - Зајак (133),
   - Полска еребица (59) и
   - Еребица камењарка (14)

Право на учество имат сите правни и физички лица кои се заинтересирани за соработка со ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје во областа на ловот и ловниот туризам. Договорите со избраните тур-оператори ќе се склучуваат по принципот прв дојден – прв услужен. За да стане валиден Договорот тур-операторот задолжително уплатува 20 % аванс од предвидениот лов во рок 8 (осум) дена од датумот на склучување на Договорот. Во услови на нереализирање на предвидениот лов авансот не се враќа.

Продажбата на ловните пакети се базира на комбинирање на видовите диви животни, како и задолжително почитување на принципот застапеноста на машки и женски единки отстрелани при ловот да биде што поблиску до соодносот 50 спрема 50 %.

Информации на тел: 071/310-303
e-mail: oliverstamboliski@gmail.com
Лице за контакт: Оливер Стамболиски

Јавниот повик е објавен на WEB страната на Јавното претпријатие "ЈАСЕН"- Скопје

Изработил:
дипл..инж.
Оливер Стамболиски

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-СКОПЈЕ
в.д Директор
Д-р Оливер Андонов